b) **мини-кујна:** претставува мала кујна, со димензии многу помали од минималните димензии на соба, речиси секогаш доволна само за вградување на најнеопходните елементи;
c) **чајна кујна во соба наменета за повеќе активности:** се наоѓаат во големи простории кои се користат за јадење, може да е и трпезарија, или во која еден дел се користи за вградување на кујнските уреди. Собата која е уредена на овој начин, не мора да биде кујна, туку и соба за најразновидна употреба.

**Прашање 2.4**
Се сметаат како простории за професионална употреба (пр. работната просторија на независен професионалец, канцеларијата на самостоен работник, работилницата на занаетчија) оние кои се користат исклучиво за работа на едно или повеќе лица кои престојуваат во живеалиштето.

**Прашање 2.5** *(можни се повеќе одговори)*
За дефинициите за кујна, мини-кујна и чајна кујна види го прашањето 2.3. Доколку располагате со повеќе од една кујна потребно е да го посочите бројот. Означете го само квадратчето 4 доколку не располагате со кујна, мини-кујна или чајна кујна.

## 3 Вода, хигиенски и санитарни уреди

**Прашање 3.1** *(во случај на потврден одговор, можни се повеќе одговори)*
Означете го квадратчето 3 доколку водата за пиење се добива од извор различен од водовод или бунар: пр. недиректен извор како цистерна што се полни привремено. Означете го квадратчето 4 доколку живеалиштето располага само со вода што не се пие.

**Прашање 3.2**
Под располагање со топла вода (за хигиенска и санитарна употреба во бањата и/или кујната: санитарна топла вода) се мисли на водата стоплена во статичен уред, а не на шпоре или други системи на затоплување.

**Прашање 3.3**
Одговорете "Да" (квадратче 1) кога топлата вода се добива само од истоимениот уред во живеалиштето. Одговорете "Не" (квадратче 2) доколку топлата вода се добива од посебен уред, како електричен бојлер или бојлер на гас. Одговорете "Не" (квадратче 2) дури и кога топлата вода делумно се добива со користење на соларни панели.

**Прашање 3.4** *(можни се повеќе одговори)*
Одговорете само во случај да поседувате уред за производство на топла вода различен од оној за затоплување.

**Прашање 3.5**
Под када и туш се подразбираат уредите кои постојано се поврзани со водоводен приклучок и со еден за испуштање на отпадни води, внатре во живеалиштето или внатре во собите со посебен влез.
Одговорете земајќи во предвид дека тушот и кадата кои се одделени, а се наоѓаат во иста просторија треба да се сметаат како два уреда, додека кадата во која е вграден туш треба да се смета како еден уред.

**Прашање 3.6**
Под тоалет се подразбира ве-це постојано поврзано со водоводен приклучок и со одвод за испуштање на отпадната вода, кое се наоѓа во живеалиштето или во собите со посебен влез.

## 4 Клима уред (затоплување, клима, обновлива енергија)

**Прашање 4.1**
Одговорете "Не" (квадратче 2) доколку живеалиштето не располага со некаков вид на уред за затоплување или доколку се подвижни уреди како електрични печки, на гас или друг вид на снабдување.

**Прашање 4.2** *(можни се повеќе одговори)*
*За да одговорите соодветно на прашањето, земете ги во предвид следниве дефиниции:*
**Систем за централно греење:** претставува систем кој се користи за загревање на сите станови во зградата, но се наоѓа надвор од станот, пример во просториите за одржување на зградата (подруми, сутерен и т.н.). Се смета за централен и системот поврзан со градската топлификациона мрежа.
**Самостоен вграден уред:** претставува уред за загревање на едно живеалиште и обично е вграден внатре во него или во негова близина (пр. печката може да се наоѓа во внатрешен празен простор наменет за таа цел, или на балкон/тераса; соларните панели може да се вградени на покривот и така натаму) и кој се користи независно од останатите.
**Вградени посебни апарати:** се однесуваат на оние кои не се поврзани со систем за централно греење или самостоен вграден уред, и кои не се подвижни: пр., камини, посебни вградени радијатори на гас, топлински пумпи, електрични шпорети, печки на јаглен, дрво, керозин и на течен нафтен гас.
За секој вид на уред за загревање, напишете го горивото или енергијата со кој се снабдува. Секое пополнето поле одговара на еден вид на уред и едно гориво или енергија со кој се снабдува. Пример, доколку се означи квадратчето 10 се однесува на самостоен уред кој се користи исклучиво со течен нафтен гас, или доколку се означи квадратчето 1 се однесува на систем за централно греење кој користи метан или природен гас. За повеќе одговори, доколку на пример живеалиштето располага и со самостоен уред снабден со метан и со камин на дрва, треба да се означат квадратчињата 8 и 25.

**Прашање 4.3**
Одговорете "Да" (квадратче 1) доколку живеалиштето е снабдено со уред за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Обновливите извори на енергија се "извори на енергија кои не се фосилни (на ветер, соларна, геотермална, бранова, на плима и осека, хидралична, од биомаси, на отпадни гасови, од наталожени гасови од прочистување и биогас)" – чл. 2 од законодавниот декрет 387/03.

**Прашање 4.4**
Одговорете "Да" (квадратче 1) кога живеалиштето е снабдено со статичен клима уред (односно, статичен од типот сплит или едноделен, подно/ѕидно/таванско греење и т.н.). Одговорете "Не" иако располагате со подвижен климатизер.

## 5 Автомобил и место за автомобил

**Прашање 5.1**
Под располагање се мисли не само сопственоста на автомобил, туку каква била можност за ексклузивно користење од страна на еден член на семејството (подолготрајно изнајмување, користење, доделување и т.н.).

**Прашање 5.2**
**Гаража:** се однесува на затворен простор, наменет за чување на еден или повеќе автомобили, и кој се користи за таа цел.
**Место за автомобил во гаража:** се однесува на простор за лична употреба кој е резервиран и кој се наоѓа во затворен простор наменет за чување на повеќе автомобили, и кој се користи за таа цел: на пример, заедничките гаражи кои се наоѓаат под зградата или гаражите кои се наоѓаат во објекти изградени исклучиво за таа цел.
**Место за автомобил на отворено:** се однесува на просторот за лична употреба кој е резервиран и кој се наоѓа на отворено: на пример, внатре во дворот, под *приземниот* дел на зградата, на последниот спрат во вид на градба која е наменета да се користи како паркинг и слично.
Напишете дали фамилијата располага со барем едно место за автомобил (доколку се повеќе од едно напишете го бројот), лично и загарантирано, внатре во зградата во која живеете или блиску до неа. Под располагање се подразбира дека користењето на местото за автомобил е загарантирано (во кое било време) бидејќи е во ваша сопственост, е изнајмено, загарантирано и т.н.

## 6 Телефон и интернет приклучок

**Прашање 6.1**
Означете го квадратчето 1 ("Да") доколку има барем еден фиксен телефон во употреба (договор со еден од телефонските оператори). Означете го квадратчето 2 ("Не") доколку во живеалиштетонема телефонски уред или доколку има телефонски уред, но без активен договор со телефонски оператор.

**Прашање 6.2**
Означете го квадратчето 2 ("Не") доколку ниеден член на домаќинството нема мобилен телефон.

**Прашање 6.3**
Напишете го бројот на членовите на домаќинството кои имаат барем еден мобилен телефон.

**Прашање 6.4**
Означете го квадратчето 1 ("Да") доколку имате каков било интернет приклучок.

**Прашање 6.5** *(можни се повеќе одговори)*
Означете го квадратчето 3 доколку имате широкопојасен приклучок од типот WI-FI или широкопојасен приклучок од типот WIMAX.

## 1 Лични податоци

*Прашањето кое се однесува на “роднински врски или заедничко живеење со носителот на Прашалникот за домаќинството” се поставува заедно со прашањата за полот, брачната состојба и датата на стапување во брак, со цел да се добијат информации за семејствата и семејните врски; поточно, таквите прашања овозможуваат да се добијат информации за нивната структура, големина и типологија (на пример, за бројот на паровите со деца, бројот на деца кои живеат само со еден родител, бројот на лица кои живеат сами и т.н).*

**Прашање 1.1**
Напишете ја роднинската врска или заедничкото живеење со носителот на Прашалникот за домаќинството. Под носител на Прашалникот за домаќинството се мисли на лицето носител на евидентниот лист на домаќинството во регистарот на население.

- На ова прашање не одоговара носителот на Прашалникот за домаќинството или лицето за контакт (лице 01 од листата А); одговорот веќе е пополнет.
- Треба да го означи соодветното квадратче од модулот 03, лицето кое живее како партнер со носителот на Прашалникот за домаќинството, без разлика дали станува збор за пар од различен пол или за пар од истиот пол.
- Децата ќе се класифицираат како такви само доколку се признаени од носителот и/или од сопружникот/партнерот со кој живее.
- Децата на само едниот сопружник/партнерот со кој живее носителот треба да го означат квадратчето 06 (“Дете на само едниот сопружник/партнер со кој живее”), иако родителот е починат или не живее постојано во живеалиштето.
- Треба да го означи квадратчето 08 (“Свекор/свекрва или баба/дедо на носителот”) и родителот (или сопружникот на родителот) на лицето со кое живее носителот.
- Роднините (со исклучок на децата) на едниот сопружник/партнер со кој живее носителот треба да го означат квадратчето кое се однесува на соодветната роднинска врска, дури и кога сопружникот/партнерот со кој живее носителот не живее постојано во живеалиштето.
- Роднините на носителот и/или на сопружникот/партнерот со кој живее кои не се споменати во одговорите (чичко/тетин/вујко на носителот или сопружникот/партнер со кој живее, братучед на носителот или сопружникот/партнерот со кој живее и т.н.) кои постојано живеат во ова живеалиште, треба да го означат квадратчето 16 (“Друг роднина на носителот и/или на сопружникот/партнерот со кој живее”).
- Лицата кои постојано живеат во ова место на живеење и кои немаат роднински врски со носителот и/или на сопружникот/ партнерот со кој живее, треба да го означат квадратчето 17 (“Друго лице со кое живее без да постои љубовна врска, роднинска врска или сродство”). Доколку овие лица претствуваат посебно домаќинство, треба да пополнат посебен прашалник за домаќинството.
- Персоналот кој е во служба на домаќинството (помошници, семејни соработници) и постојано престојува во живеалиштето треба да го означат квадратчето 17. Доколку претставуваат посебно домаќинство, треба да пополнат посебен прашалник за домаќинството.

**Прашање 1.2**
*“Полот”е основната величина за читање на статистичките податоци кога се однесуваат и се користат за споредба на мажите и жените.*

**Прашање 1.3**
*Прашањето за датата на раѓање се поставува за пресметување на возраста, со цел намалување на ризикот од грешки при давање на информација за возраста на лицата.*

Датата на раѓање треба да се напише со бројки, не со букви; денот и месецот треба да се напишат со две цифри, доколку е потребно со нула пред бројката (пример: 05/06/1967).

**Прашање 1.4**
*Прашањето за местото на раѓање (местото во кое е родено лицето) се поставува бидејќи, заедно со останатите податоци (пр. за местото на живеење), може да даде информации за движењето на населението внатре во Италија и помеѓу Италија и останатите земји.*

- Лицата кои се родени во општината во која моментално живеат треба да го означат квадратчето 1 (“Во оваа општина”).
- За лицата родени во друга општина во Италија, треба да се напише моменталното име на општината каде лицето е родено. Напишете го името на општината, а не она на местото (зона, населба и сл.). Треба, меѓу другото, да се означи кратенката на провинцијата под која спаѓа општината на денот на пописот.
- За лицата родени во странство, треба да се напише моменталното име на странската држава во чии денешни граници се наоѓа местото на раѓање. Странската држава на раѓање треба да се напише со латинично писмо и на италијански.

**Прашање 1.5**

*Прашањето за впишувањето во Регистарот на население на општината овозможува да се определи со поголема прецизност местото во кое лицето живее. Општината во која анаграфски е впишано лицето е местото од каде истото може да побара издавање на лична карта и основни уверенија со лични податоци. Носителот одговара само доколку на првата страна на прашалникот за домаќинството не е претходно испечатена адресата.*

- Лицата впишани во Регистарот на население на општината во која се врши пописот, треба да го означат квадратчето 1 (“Да, во ова живеалиште”) или квадратчето 2 (“Да, но во друго живеалиште или колективно живеалиште”).
- За лицата впишани во Регистарот на население на друга општина во Италија, треба да се напише моменталното име на општината каде лицето е впишано во Регистарот на население. Напишете го името на општината, а не она на местото (зона, населба и сл.). Треба, меѓу другото, да се означи кратенката на провинцијата под која спаѓа општината.
- Лицата кои не се впишани во Регистарот на население на ниедна општина во Италија треба да го означат квадратчето 4 ("Не, во ниедна општина во Италија").

*Се појаснува дека со терминот* ***колективно живеалиште*** *се мисли, на пример: на институти за образование (како колеџи, семинари и т.н), на помошните институти (како сиропиталишта, згрижувачко семејство, домови за нега на стари луѓе и возрасни луѓе со телесна попреченост и т.н. ), здравствени институции (како болници, клиники и сл.), казнени институции, црковни домови, воени домови (воени болници, воени затвори, касарни и т.н.), хотели, пансиони, гостилници и слично, трговски бродови (бродови за крстарење и сл.), и т.н.*

## 2 Брачна состојба и брак

**Прашање 2.1**

- Сопружниците кои повеќе не живеат заедно, како резултат на криза во врската, треба да го означат квадратчето 3 (“Разделен/-а со заемна согласност”), а не квадратчето 2 (“Женет/мажена”).
- Сопружниците кои живеат одделено еден од друг, заради случајни околности или неопходност, треба да го означат квадратчето 2 (“Женет/мажена”), а не квадратчето 3 (“Разделен/-а со заемна согласност”).
- Лицата кои “сѐ уште се земени” (односно лицата кои покренале постапка за раскинување или престанување на граѓанскиот брак согласно со законот од 01 декември 1970, бр. 898) треба да го означат квадратчето 5 (“Разведен/-а”).

**Прашање 2.2**

- Треба да одговорат сите лица кои имаат барем еден брак: освен брачните другари, треба да одговорат и сопружниците разделени законски или со заемна согласност, разведени или вдовец/вдовица.
- Датата на стапување во брак треба да биде напишана со бројки, а не со букви (на пример: 05/1969); во случај на повеќе бракови, напишете ја датата на последниот.

**Прашање 2.3**

*Прашањето за брачната состојба пред последниот брак е потребно за добивање на додатни информации за формирањето на паровите и, со тоа, на видовите на домаќинство.*

Напишете ја својата брачна состојба пред последниот брак, дури и кога тоа бил единствениот склучен брак.

Треба да одговорат сите лица кои имаат барем еден брак: освен брачните другари, треба да одговорат и сопружниците разделени законски или со заемна согласност, разведени или вдовец/вдовица.

## 3 Државјанство

*Прашањата за државјанството се поставуваат за да се добијат податоци за бројот на лицата што живеат во Италија и кои поседуваат италијанско или друго државјанство; заедно со податокот за возраста на населението кое живее овде, податокот за државјанството го дава,на пример, бројот на потенцијалните гласачи и нивните карактеристики.*

*Прашањата за местото на раѓање на родителите (на мајката и на таткото) се поставуваат за да се открие потеклото на секоја индивидуа, особено на имигрантите и на нивните потомци.*

**Прашање 3.1**

- Странските лица треба да го означат квадратчето 2 и да го напишат името на странската држава на која се државјани со латинично писмо и на италијански.
- Лицата кои поседуваат, освен италијанско државјансто, и друго државјанство, треба да го напишат само италијанското (означувајќи го квадратчето 1).
- Странските државјани со повеќе државјанства (со исклучок на италијанското) треба да напишат само една странска држава од која лицето има државјанство, според следниот редослед: а) Земји членки на Европската Унија, б) останати држави. Во случај на повеќе државјанства од групата а) или од групата б), треба да се напише само една странска држава по сопствен избор.
- Лицата кои немаат никакво државјанство треба да се изјаснат како апатриди (означувајќи го квадратчето 3). Во категоријата апатриди влегуваат и лицата чија состојба во однос на државјанството не е разјаснета, како резултат на распаѓање, разделување или соединување на држави.

**Прашање 3.2**

- Лицето кое е државјанин на Италија од раѓање, треба да го означи квадратчето 1 (“Да”), дури и кога е родено во странство.
- Лицето кое станало државјанин на Италија како последица на специфично барање или соодветен акт за доделување од страна на соодветната власт, или кое се има здобиено со италијанско државјанство како резултат на брак, редовно или вонредно натурализирање, раѓање во Италија или постојано законско живеење во Италија до возраст од 18 години, треба да го означи квадратчето 2 (“Не”). Треба да го означат квадратчето 2 и лицата кои станале италијански државјани со "автоматско" стекнување на државјанство, на пример:
  а) малолетно лице кое се стекнало со италијанско државјанство, бидејќи било посвоено од италијански државјанин или заради признавање на мајчинство или татковство (или судска одлука за родителска врска) од страна на италијански родител;
  б) малолетно дете кое живее со родител кој се стекнал со италијанско државјанство.

**Прашање 3.3**

Лицето кое го има означено квадратчето 2 од прашањето 3.2 (и кое е италијански државјанин, но не од раѓање):

- треба да појасни дали се стекнало со италијанско државјанство како резултат на брак или заради други причини (на пример натурализирање);
- треба да ја напише и странската држава од која претходно имало државјанство, со латинично писмо и на италијански.

**Прашања 3.4 и 3.5**

Доколку родителите се родени во странство, треба да се напише моменталното име на странската држава во чии денешни граници се наоѓа местото на раѓање. Странската држава на раѓање треба да се напише со латинично писмо и на италијански.

## 4 Сегашно и Поранешно место на живеење

*Прашањата од точка 4 овозможуват да се издвојат внатрешните и интернационалните мигранти. Внатрешните мигранти се дефинираат како лица кои живееле во една општина во периодот за кој се зборува, додека претходно живееле во друга општина. Интернационалните мигранти се дефинираат како лица кои, независно од Земјата на раѓање и на државјанство, во еден одреден временски период од нивниот живот живееле во друга Земја.*

**Прашање 4.1**

Означете го квадратчето кое се однесува на местото каде се наоѓавте во времето на Пописот.
Означете го квадратчето 1 (“Во ова живеалиште”) или (“Во оваа општина, но во друго живеалиште или колективно живеалиште”) дури и ако лицето не било во општината на 09 октомври 2011, но се наоѓало на 10 октомври 2011 и не му е извршен попис на друго место.

*Се појаснува дека со терминот **колективно живеалиште** се мисли, на пример: на институти за образование (како колеџи, семинари и т.н), на помошните институти (како сиропиталишта, згрижувачко семејство, домови за нега на стари луѓе и возрасни луѓе со телесна попреченост и т.н. ), здравствени институции (како болници, клиники и сл.), казнени институции, црковни домови, воени домови (воени болници, воени затвори, касарни и т.н.), хотели, пансиони, гостилници и слично, трговски бродови (бродови за крстарење и сл.), и т.н.*

**Прашање 4.2**

Лицето кое одговара на прашањата треба да наведе дали некогаш живеело во странство, независно од земјата на раѓање и државјанство и независно од останати промени на местото на живеење кои можеби настанале внатре во Италија.
Треба да го означи квадратчето 1 само лицето кое живеело во странство <u>барем 12 месеци</u> (заради семејството, студирање, работа или друго) и доколку при пристигнувањето (или враќањето) во Италија требало повторно да се впише во анаграфскиот регистар на некоја италијанска општина.

**Прашање 4.3**

Лицето кое живеело во странство, треба да го напише месецот и годината кои се однесуваат на последната и дефинитивна преселба во Италија.

**Прашање 4.4**

Лицето кое живеело во странство, треба да ја напише странската држава во која последен пат живеело врз основа на тековните меѓународни граници, со латинично писмо и на италијански јазик.

**Прашање 4.5** *(Одговараат само лицата кои имаат 1 или повеќе години)*

Лицето кое го има означено квадратчето 3 (пред една година имало место на вообичаено живеење во друга општина во Италија) треба да го напише моменталното име на општината каде живеело. Напишете го името на општината, а не она на местото (зона, населба и сл.).

**Прашање 4.6** *(Одговараат само лицата кои имаат 5 или повеќе години)*
Лицето кое го има означено квадратчето 3 (пред пет години имало место на вообичаено живеење во друга општина во Италија) треба да го напише моменталното име на општината каде живеело. Напишете го името на општината, а не она на местото (зона, населба и сл.).
Лицето кое го има означено квадратчето 4 (пред пет години имало место на вообичаено живеење во странство) треба да го напише името на странската држава со латинично писмо и на италијански.

## 5 Образование и стручна подготовка

**Прашања 5.1 и 5.2** *(За лицето што има помалку од 6 години)*
На ова прашање не одоговара носителот на Прашалникот за домаќинството или лицето за контакт (лице 01 од листата А).
- За <u>децата што имаат помалку од 6 години</u> и кои не посетуваат ниту јасли ни детска градинка (порано забавиште), но веќе <u>посетуваат прво одделение</u> (основно училиште), на пример децата родени помеѓу 10 октомври и 31 декември 2005, се одговара на прашањето 5.1 означувајќи го квадратчето 3 ("Прво одделение основно училиште").
- <u>За децата што имаат помалку од 6 години</u> и кои не посетуваат ниту јасли ни детска градинка (порано забавиште), а не посетуваат ни прво одделение (основно училиште), се одговара на прашањето 5.1 означувајќи го квадратчето 4 и се престанува со пополнување на индивидуалниот прашалник.

**Прашања 5.3 и 5.4** *(За лицето што има 6 или повеќе години)*
За завршено образование кое е наведено се мисли на она кое е завршено во склопот на италијанскиот образовен систем.
- Учениците во прво одделение од основно училиште треба да го означат квадратчето 02.
- Лицата кои поседуваат две или повеќе образованија од ист степен треба да го напишат она кое се смета за најважно во однос на тековната професионална активност.
- Лицата (особено **странските државјани**) кои го стекнале највисокото образование во **странство**, треба да го означат квадратчето кое се однесува на соодветното образование во Италија.
- Странските државјани кои не се стекнале со никакво образование треба да изберат помеѓу модулот 01 ("Нема образование и не знае да чита и пишува") и 02 ("Нема образование, но знае да чита и пишува") **земајќи го во предвид нивниот мајчин јазик**.
- Треба да одговорат на прашањето 5.4 само лицата кои на прашањето 5.3 имаат означено едно од квадратчињата помеѓу 06 и 08.

*За точно да одговорите на прашањата 5.3 и 5.4 потребно е да ги следите следниве упатства:*
**модул 03: Свидетелство за завршено основно образование (1-4 одделение) (или со еднаква крајна вредност)** целосно одговара на прв степен на основно образование. На свидетелството за завршено основно образование (1-4 одделение) одговара уверението издадено по завршување на курс во работнички универзитет од типот "С".
**модул 4: Свидетелство за завршено основно образование (5-8 одделение) (или стручна подготовка),** стекнато пред воведување на унифицирано основно образование, одговара на завршување на втор степен на основно образование. За упис на курсевите потребно е свидетелство за завршено основно образование (1-4 одделение) (или со еднаква крајна вредност);
**модул 05: Завршена виша или висока школска спрема на Музички конзерваториум или на Национална академија за танц.**
Одговара на образованието стекнато на Музички конзерваториум и Национална академија за танц пред реформите од 1999 (Закон бр. 508/99). Високо образование за глума, музика и кореографија.
Во овој модул влегува и крајната диплома добиена од Конзерваториумот за музика и танц, но <u>не</u> и дипломата за завршено средно училиште.
Лицата кои поседуваат завршна диплома од Конзерваториумот за музика <u>и</u> танц и диплома од средно училиште треба да го означат квадратчето 12 ("Диплома од Академија за убави уметности, и т.н...");
**модул 06, 07 и 08: Диплома од средно стручно училиште или Диплома од учителска школа или Диплома од средно уметничко училиште** стекната од стручно Училиште или учителска Школа или уметничко Училиште се разликуваат во**:**
- <u>квалификации на стручното училиште или дипломата на учителската школа или квалификациите на уметничкото училиште</u> стекнати со завршувањето на еден циклус од средно училиште во времетраење помало од 4 години (курс од 2-3 години) кој не овозможува упис на универзитетски студии. За упис на курсот потребно е свидетелство за завршено основно образование (5-8 одделение) (или од стручно училиште). Лицата кои како највисоко образование ја имаат стекнато квалификацијата од стручно училиште или дипломата од учителската школа или квалификацијата од уметничкото училиште, треба на прашањето 5.4 да го означат квадратчето 1;
- <u>диплома за матура (или државна матура)</u> стекната со завршување на циклусот за средно училиште во времетраење од 4 или 5 години и што овозможува упис на универзитетски студии. За упис на студиите потребно е свидетелство за завршено основно образование (5-8 одделение) (или од стручно училиште). Лицата кои како највисоко образование ја имаат стекнато дипломата за матура (или државен испит) при стручно училиште или учителската школа или уметничко училиште, треба на прашањето 5.4 да го означат квадратчето 2;

**модул 09: Диплома од техничко училиште** стекната со завршување на циклусот за средно образование во времетраење од 4 или 5 години и што овозможува упис на универзитетски студии. За упис на студиите потребно е свидетелство за завршено основно образование (5-8 одделение) (или од стручно училиште).
**модул 10: Диплома од учителска школа** стекната со завршување на циклусот за средно образование во времетраење од 4 или 5 години и што овозможува упис на универзитетски студии. За упис на студиите потребно е свидетелство за завршено основно образование (5-8 одделение) (или од стручно училиште).

**модул 11: Диплома од гимназија (општа, научна и т.н.)** диплома за завршено средно училиште стекната со завршувањето на циклусот за гимназија на општа или научна насока или на јазична или уметничка или социо-психо-педагошка насока. Се стекнува со завршување на циклусот за средно образование во времетраење од 4 или 5 години и овозможува упис на универзитетски студии. За упис на студиите потребно е свидетелство за завршено основно образование (5-8 одделение) (или од стручно училиште);
**модул 12: Диплома од Академија за Уметност, Танц, Драмска Уметност, Висока школа за уметности (ISIA) и т.н., Конзерваториум (стара програма)** се однесува на студиите кои биле активни пред воведувањето на Студии за Високо Образование за Уметност, Музика и Кореографија и опфаќа:

- крајната диплома добиена од Академијата за Уметност, Националната Академија за Драмска Уметност, Националната Академија за Танц, Музички Конзерваториуми, Висока Школа за Уметности (ISIA) – студии според старата програма, пред реформите во делот на високото образование за глума, музика и кореографија (Закон бр. 508/99).

Лицата кои се <u>немаат стекнато</u> ниту со диплома од средно училиште треба да го означат модулот 05.
Лицата кои го имаат посетувано и дополнителниот курс по стекнувањето на диплома за завршено средно училиште, треба да го означат квадратчето 14.

- диплома стекната од Училиштето за Преведувачи и Толкувачи <u>пред законот бр. 697/86</u> (модул 15);

**модул 13: Универзитетска диплома (2-3) од старата програма (ги вклучува училиштата наменети за специјална цел или парауниверзитетски)** издадени по завршувањето на студии за универзитетска диплома или од училишта наменети за специјални цели. Се стекнува по завршувањето на студии од времетраење не помало од 2 години и не поголемо од 3 (диплома за статистика, за надзор во основно училиште, диплома од Високата школа за физичко образование (ISEF) според старата програма, диплома за палеографија и музичка филологија, и т.н. ). Универзитетска диплома, на светско ниво, се однесува на првиот степен од првиот циклус на универзитетско образование (пр. *bachelor's degree* – или first degree- на англиски). За да се запишете на тие студии потребно е да се поседува диплома за завршено средно училиште (студии од 4-5 години);
**модул 14: Академска диплома за Високо Образование за Уметност, Музика и Кореографија од I степен.**
Се однесува на студиите активирани по реформата во делот на високото образование за глума, музика и кореографија (Закон бр. 508/99), на кои се упишува по стекнувањето на диплома за завршено средно училиште и ја вклучува и академската диплома стекната од Академијата за Уметност, Националната Академија за Драмска Уметност, Националната Академија за Танц, Музички Конзерваториуми, Висока Школа за Уметности (ISIA) – студии од новата програма.
Одговараат на дипломите стекнати со завршување на тригодишни студии.
**модул 15: Тригодишна диплома (од I степен) од новата програма.**
Како резултат на реформите во високото образование, предвидени се два последователни циклуси: Диплома и Специјализирана Диплома/Мастер. За тригодишната диплома од I степен потребни се 3 години; вклучено е образованието стекнато од Високата школа за преведувачи и толкувачи воведена по реформата (Закон бр. 697/86);
**модул 16: Академска диплома за Високо Образование за Глума, Музика и Кореографија од II степен.**
Се однесува на студиите активирани по реформата во делот на високото образование за глума, музика и кореографија (Закон бр. 508/99), на кои се упишува по стекнувањето на академска диплома од I степен или тригодишна диплома и ја вклучува академската диплома стекната од Академијата за Уметност, Националната Академија за Драмска Уметност, Националната Академија за Танц, Музички Конзерваториуми, Висока Школа за Уметности (ISIA) – студии од новата програма.
Одговараат на дипломите стекнати со завршување на двегодишни студии;
**модул 17: Диплома (4-6 години) од старата програма, специјализирана диплома или магистерска на студии еднакви на новата програма, специјализирана двегодишна диплома (од II степен) од новата програма** вклучува:

- <u>Диплома (петгодишни студии) според старата програма,</u> образование кое се стекнува по завршувањето на универзитетски студии од времетраење на помало од 4 години и не поголемо од 6 години. За да се упише на таквите студии треба да се поседува диплома за завршено средно училиште (студии од 4-5 години). Дипломата, на светско ниво, одговара на вториот степен на првиот циклус на универзитетско образование (на пр. на *maitrise* - на француски);
- <u>Специјализирана Диплома/Мастер</u> од единствен циклус за Фармација, Стоматологија, Ветерина, Градежен-Архитектонски Инженер (кои трат 5 години), Медицина (кои траат 6 години) и Право (активна од унив. год. 2007/08). За овие дипломи не е предвидено никакво звање по завршувањето на 3 години, туку само по завршување на целосниот циклус.

**Прашање 5.5**
За детално да го објасните највисокото стекнато образование, потребно е да го земете во предвид напишаното во прашањата 5.3 и 5.4. Затоа не треба да се напише постдипломското или пост-високото образование за глума, музика и кореографија, како мастер, специјализација, докторат и т.н.

**Прашање 5.6**
Се однесува на курсеви за професионална обука на ниво на регион/провинција во времетраење еднакво на 6 или повеќе месеци, на кои се запишува со диплома за завршено средно училиште.
**Студиите од II степен** се наменети за млади лица со завршено средно училиште и на возраст под 25 години (границата се поместува за лицата со завршен факултет и т.н.) и/или невработени лица постари од 25 години кои поседуваат соодветно образование или стручна подготовка.
**Студиите за Високо Техничко Образование и Подготовка** (IFTS) се студии финансирани од Европскиот Социјален Фонд и од Регионот, за образување на специјализирани Техничари, професионалци од напреден втор степен (на пример: Виш техничар за управување со несреќи во осигурителниот сектор, виш техничар за телекомуникации, виш техничар за организација и промоција на туризам и т.н.). Регионите издаваат уверение за Виша Техничка Специјализација кое е признаено на целата национална територија и е еднкво на 4-ти степен според класификацијата на ISCED (Меѓународна Стандардна Класификација на Образованието).

**Прашања 5.7 и 5.8**
Се однесува на курсеви за професионална обука на ниво на регион/провинција од времетраење еднакво на 24 или повеќе месеци, на кои се запишува со свидетелство за завршено основно образование (5-8 одделение).
Само лицата кои на прашањето 5.7 го означиле квадратчето 1, треба да дадат одговор на прашањето 5.8, прецизирајќи ги завршените студии на ниво на регион/провинција.
**Тригодишни Студии за Професионално Образование и Стручна Подготовка.** Претставуваат студии за исполнување на обврската на образование и за здобивање на професионални квалификации (како на пример: оператор за промоција на туризам и пречек во областа на туризамот, оператор на каса и т.н.). Треба да го означат квадратчето 1, лицата кои ги имат завршено студиите после 2005 година.
<u>Соодветни нормативи:</u> **Договор од 19 јуни 2003 год.** за време на Заедничката Конференција – експериментални студии за професионално образование и стручна подготовка; Договор од **15 јануари 2004 год., бр. 1901,** за време на Конференцијата Држава-Региони; **Договор од 28 октомври 2004** за време на Заедничката конференција – Утврдување на критериуми и посочување на модели за издавање на сертификати за целосно и делумно завршено образование и признавање на стекнатите кредити.
**Други Студии за професионална стручна подготовка на ниво на регион/провинција** се студии наменети за млади невработени лица со само што завршено задолжително образование и/или невработени лица постари од 25 години. Треба да го означат квадратчето број 2, лицата кои завршиле професионално образование на ниво на регион/провинција во времетраење од две години или кои завршиле тригодишни студии пред 2006 година.

**Прашања 5.9 и 5.10**
За да одговорите на прашањето треба да го земете во предвид напишаното во прашањата 5.3 и 5.4. Но не треба да се земат во предвид годините потребни за здобивање на постдипломско или пост-високо образование за глума, музика и кореографија, како мастер, специјализација, докторат и т.н.
Треба да одговорат на прашањето 5.9 сите лица кои имаат образование (или оние кои на прашањето 5.3 имаат означено некое од квадратчињата помеѓу 03 и 17). Само лицата кои на прашањето 5.9 го имаат означено квадратчето 1 треба да дадат одговор на прашањето 5.10, при тоа треба да го напишат бројот на години потребни од влегувањето во образовниот систем во странство за стекнување со образование. На пример, за стекнување на *bachelor's degree* во САД или Англија, потребни се вкупно 16 години на образование; за стекнување на *master's degree* во Англија потребни се 17 години, додека за стекнување на *master's degree* во САД потребни се 17 или 18 години на образование.

**Прашање 5.11**
Треба да го означат квадратчето 1 сите лица од 6 или повеќе години запишани во основно училиште (1-4 одделение), основно училиште (5-8 одделение), средно училиште, факултет или на студии за високо образование за глума, музика и кореографија.

**Прашање 5.12**
Се однесува на курсеви за професионална обука (бесплатни или со плаќање) кои можат да бидат организирани/финансирани од различни субјекти (фирми, јавни или приватни установи) и кои овозможуваат најразновидни активности, како: јазични курсеви, курсеви по информатика, за фризери и слаткари и т.н.

**Прашања 5.13 и 5.14**
Лицата кои имаат завршено вон-универзитетски мастер воведен и управуван од приватни установи и стручни училишта, на прашањето 5.13 треба да одговорат под 2 ("Не"). За одговарање на прашањето 5.14, можни се повеќе одговори.
**Мастер од I степен –** студии на кои може да се запише по стекнувањето на диплома од тригодишни студии од I степен и диплома од високо образование за глума, музика и кореографија од I степен, и кои траат една година.
**Мастер од II степен –** студии на кои може да се запише по стекнувањето на специјализирана диплома/мастер или диплома од високо образование за глума, музика и кореографија од II степен, и кои траат една година.
**Училиште за специјализација** на кое може да се запише веднаш по стекнување на Диплома според старата програма, на Специјализирана Диплома/Мастер од еден циклус според новата програма или на специјализирана диплома од новата програма, по завршување на студии во времетраење не помало од 2 години со цел образување на стручни лица за определени специјализирани сектори при училиштата за специјализација.
Треба да го означат квадратчето 3 ("Училиште за специјализација") и лицата кои поседуваат "специјална диплома" (со стекнувањето на диплома по завршувањето на студиите), односно стекната по завршувањето на студии во времетраење од барем 4 години веднаш по дипломирањето ( пр.  Инженер за животна средина).
**Доктор на науки (**докторат за **Оспособување за истражување)** на кој може да се запише веднаш по стекнување на диплома (диплома според старата програма, специјализирана диплома или мастер од еден циклус од новата програма, специјализирана диплома од II степен во времетраење од две години според новата програма), по завршувањето на персонализирани студии или истражување во времетраење не помалку од 3 години завршени за продлабочување на научното истражување и на методологијата за истражување во соодветниот сектор. На светско ниво **доктор на науки** се постдипломски студии кои одговараат на завршување на втор циклус на универзитетско образование (на пр. *Ph.D).*

## 6 Економска активност

**Прашање 6.1**
*Под работа се подразбира секаква директна активност за добивање на плата, паричен надоместок, стекнување профит и т.н. Не треба да се земат во предвид часовите потрошени за домашна работа, мали оддржувања или поправки по дома, хоби и слично.*

**Треба да го означат квадратчето 1 (“Да”) лицата што:**
- во периодот од 02 до 08 октомври имаат извршено еден или повеќе часа на работа за паричен надоместок или на самостоен начин, вршејќи активност од типот редовна, привремена или сезонска без разлика на тоа дали е постојана или постои регуларен договор за работа. Треба да се смета како приход кое било од наведените: надоместок, плата, евентуални плаќања во натура, стан и храна и останато, иако сè уште не се примени или не се исплатени во периодот во кој е извршена услугата; треба да го означат квадратчето 1 и **стажистите** и ***практикантите*** кои добиваат паричен надоместок или <u>надоместок кој не е паричен бидејќи е долготраен</u> (ваучери за оброк, кредит за телефон, ваучери за бензин и т.н.);
- во периодот од 02 до 08 октомври имаат потрошено еден или повеќе часа работа помагајќи на роднина или член на семејството во извршувањето на неговата самостојна работа, дури и без да бидат платени (семејни работници).

Под **семеен работник** се мисли на лицата кои соработуваат со член на семејството кој врши активност за своја сметка, без да има регулиран работен однос со договор (пр. сопруга која му помага на сопругот трговец, син кој му помага на таткото земјоделец).
**Треба да го означат квадратчето 2 (“Не”) лицата кои:**
- во периодот од 02 до 08 октомври имаат извршено еден или повеќе часа работа без надоместок во органи, институции, здруженија и слично како волонтер за вршење на нивните активности;
- сезонските работници кои не работеле во периодот за кој се зборува.

**Прашање 6.2**
Треба да го означат квадратчето 1 (“Да”) лицата кои во периодот од 02 до 08 октомври имале работа од која биле отсутни заради некоја од следниве причини: празници, привремено ослободување, породилно боледување на мајка/татко, намалена работа во фирмата, болест, одмор, платено отсуство од работа заради намалена работа и т.н. Прашањето се поставува за добивање на податоци за постојан работен однос и формалната обврзаност кон истиот, во случај да не постои или примена плата.
Вработените отсутни од работа се сметаат за вработен, доколку отсуството не е поголемо од три месеца, или доколку за време на отсуството продолжуваат да примаат 50% од платата. Претставуваат исклучок вработените кои се отсутни заради породилно боледување (задолжително отсуство) или заради родителско отсуство (факултативно отсуство). Вработените отсутни од работа, со исклучок на семејните работници, се сметаат за вработени доколку, за време на отсуството, продолжуваат со активност. Семејните работници се сметаат за вработени доколку отсуството не е подолго од три месеци.

**Прашање 6.3**
Треба да го означат квадратчето 1 (“Да”) лицата кои во последните 4 недели (од 11 септемри до 08 октомври) аплицирале на огласите за работа излезени во дневните весници, поднеле апликација за некој приемен тест, ја испратиле својата *кратка биографија* на некоја фирма и т.н.
Одговараат со “Да” и лицата кои ќе започнат со работа во период од 3 месеци од датата на Пописот (09 октомври 2011).

**Прашање 6.5**
Треба да одговорат само лицата кои на прашањата 6.3 и 6.4 го означиле квадратчето 1 (“Да”). За сите останати продолжете со прашањето 6.13.
Треба да го означат квадратчето 1 (“Да”) лицата кои иако не работат во моментот, но кои додека барале работа, во минатото имаат работено некоја работа со или без паричен надоместок, но во овој случај само како семеен работник.
***Одговорете на прашањата 6.6.-6.12 во случај:***
*Доколку лицето извршува повеќе работни активности треба да одговори со основната работна активност што ја извршува. Под основна работна активност се подразбира онаа на која се посветуваат најголем број на работни часови или, со еднаков број на часови, онаа која дава највисок приход.*
*Вработените лица кои неделата пред периодот за кој станува збор (од 02 до 08 октомври) немаат работено заради празници, болест, платено отсуство од работа заради намалена работа, привремено ослободување и т.н. треба да ја напишат основната работна активност која обично ја извршуваат.*
*Лицата кои во моментов не работат треба да ја напишат последната основна работна активност.*

**Прашање 6.6**
**Вработен во редовен работен однос:** работа која се врши со или без договор, за јавен или приватен работодавец, за која се добива надоместок во вид на плата, покривање на трошоци, плаќање во натура, храна и сместување и т.н.
Овде влегуваат:
- приправници, практиканти и **платени** практиканти (*платен стаж, стипендија, стипендии за истражување*), односно лицата кои во својата активност стекнуваат стручна подготовка, пракса и работа.
- лица вработени од агенција за привремено вработување;
- лицата кои се вработени со **вршење на работа** од дома за една или повеќе фирми.

**Соработка која е постојана и координирана (со или без проект):** работа која се повторува на еден или повеќе специфични проекти или работни програми или нивни фази. Карактеристично за овој вид на договор е слободата на соработникот и добрата координација со комитентот при извршувањето на работната задача. Работникот може да работи за повеќе комитенти (освен ако поинаку не е утврдено со личниот договор).
**Соработка по потреба:** со овој вид на договор, работникот се обврзува да му достави на комитентот производ или услуга без обврска да го вработи, со со целосна самостојност во организацијата и работата. Овој вид на работа се дефинира како привремена, бидејќи соработката завршува со постигнувањето на договорениот резултат, иако не секогаш е краткотрајна соработка.  Не е потребно впишување во социјалното осигурување (INPS), бидејќи соработката е по потреба. Според тоа, не се предвидени плаќања на основ придонеси за осигурување, туку само данок на приход, односно персонален данок на доход (одбиток од 20% од износот кој треба да се плати). Овој начин на работа не предвидува ни писмен договор, ниту обврска да се применуваат правилата за превенција од несреќи или останати норми предвидени за останатите работници.
**Претприемач:** лице кое самостојно управува со фирма (земјоделска, индустриска, трговска, услужна и т.н.) во која има вработен персонал. Според тоа, претприемачот има барем еден вработен и неговата работа е да ја **организира и управува** работата на фирмата. Доколку, освен што ја организира и управува со работата, директно е вклучен во производствениот процес и оваа работа му е првенствена, тогаш треба да го означи квадратчето 6 (“Вработен за своја сметка”). На пример, бравар, кој има сопствена работилница во која работи и вработено лице, чија главна активност е повеќе како бравар, отколку како управувач на работилницата.
**Независен професионалец:** лице кое самостојно работи некоја професија или самостојна активност (нотар, адвокат, заболекар, градежен инженер и т.н.) во која доминира интелектуалната работа и труд. Во тој контекст, слободниот професионалец може, но и не мора да биде впишан во регистарот на професионалци.
**Вработен за своја сметка:** лице кое управува со земјоделска фирма, мала индустриска или трговска фирма, занаетчиска работилница, продавница или угостителство, учествувајќи со сопствената работна сила. Во оваа категорија влегуваат и директните производувачи, полски работници, лица кои работат од дома директно за потрошувачите, а не на провизија од фирмите. Лицето вработено за своја сметка може, но и не мора да има вработени лица. Она по што се разликува од претприемачот е тоа што директно е вклучен во производниот процес, и таа активност преовладува во однос на управувањето со работата. Според тоа, доколку работникот има вработени и доколку активноста на организирање и управување преовладува во однос на другите, тогаш треба да го означи квадратчето 4 (“Претприемач”).
**Партнер во претпријатие:** лице кое е активен член на некое претпријатие за производство на добра и/или давање на услуги независно од видот на активностите со кои се занимава претпријатието, односно лице кое како надоместок за својата работа не добива редовни примања регулирани со договор за работа, туку пропорционален износ според услугата и/или дел од приходот на фирмата.
**Семеен работник:** лице кое соработува со член на семејството кој врши активност за своја сметка, без да има регулиран работен однос со договор (пр. сопруга која му помага на сопругот трговец, син кој му помага на таткото земјоделец и т.н.).

**Прашање 6.7**
Треба да одговорат само лицата кои на прашањата 6.6 го означиле квадратчето 1 (“Вработен во редовен работен однос”).
- **Работен однос на неопределено време:** се однесува на работен однос за кој не постои дата на истекување или претходно определен завршен период;
- **Работен однос на определено време:** се однесува на работен однос кој се прекинува кога ќе се утврдат за завршени објективните и претходно утврдени услови (пр. истекување на терминот, извршување на задачата, постигнување на целта, враќање на привремено отсутниот вработен).

**Прашање 6.9**
***Скратено работно време (part time):*** работен однос, со или без договор, кој предвидува помал број на работни часови од законски утврдениот за останатите вработени од истата категорија. Може да биде:
a) **хоризонтален:** кога работата се врши сите работни денови, но со скратено работно време;
b) **вертикален:** кога работата се врши само во одредени денови од неделата или во некои седмици или во некои месеци во годината;
c) **комбиниран:** кога работата вклучува и хоризонтален и вертикален систем на работа.
За редовно вработените, *скратеното работното време* е утврдено со формален договор помеѓу работодавачот и работникот.
И самостојните работници можат да работат со скратено работно време (пример, дуќанџијата кој работи во дуќанот само наутро или попладне, работи со *скратено работно време*).

**Прашање 6.10**
*За соодветно да одговорите на прашањето, земете ги во предвид следниве дефиниции:*
**модул 01:** Овие професии бараат вршење на едноставни активности кои се повторуваат, за кои не е потребно завршување на некое посебно образование и кои можат да бараат користење на рачни алати, физичка сила и ограничена самостојност за оценување и започнување на задачите;
**модул 02:** Овие професии го извршуваат и контролираат правилното работење на индустриските машини и автоматизираните или роботизирани постројки за работа; грижа за постројки за производство и склопување на производи; управување со возила, машини за транспорт и подигнување. Овие активности воглавно бараат основни познавања кои одговараат на оние стекнати со завршување на основно образование или професионална квалификација или работно искуство;

**модул 03:** Овие професии го користат искуството и примената на техничкото и практично познавање на материјалите, инструментите и процесите за ископување и преработка на минерали; изработка, поправка и оддржување на производи, предмети и машини; за производство и преработка на прехранбени и земјоделски производи за исхрана. Овие активности воглавно бараат основни познавања кои одговараат на оние стекнати со завршување на основно образование, или краток циклус на средно образование или на професионална квалификација или работно искуство;
**модул 04:** Овие професии се занимаваат со одгледување на растенија и животни, планирање и извршување на операции неопходни за оплодување на полиња, оранжерии и самите одгледувалишта, грижа, оддржување и пошумување на шумите, риболов на отворено море, во крајбрежните области и во внатрешните морски води, одгледување на риби и лов на дивеч. Овие активности воглавно бараат основни познавања кои одговараат на оние стекнати со завршување на основно образование, или краток циклус на средно образование или на професионална квалификација или работно искуство;
**модул 05:** Овие професии се однесуваат на услуги на клиентите при трговските активности, давање на услуги за сместување и угостителски услуги, рекреативни услуги и помош на семејствата, нега на луѓето; оддржување на јавниот ред, заштита на лица и имот. Овие активности воглавно бараат основни познавања кои одговараат на оние стекнати со завршување на основно образование, или краток циклус на средно образование или на професионална квалификација или работно искуство;
**модул 06:** Овие професии се однесуваат на канцелариски работи со функции кои не се управувачки. Воглавно се бараат основни познавања кои одговараат на оние стекнати со завршување на основно образование, или краток циклус на средно образование или на професионална квалификација или работно искуство;
**модул 07:** Овие професии се однесуваат на ефективна селекција и примена на протоколи и процедури – дефинитивни и однапред утврдени – за производство и услуги. Нивото на познавање кое се бара се стекнува преку завршување на средно образование, више или универзитетско од I степен, или образование, вклучувајќи го и неформалното, со еднаква вредност;
**модул 08:** Овие професии вршат активности кои бараат високо ниво на теориско познавање за анализа и дејствување во специфични области (математичка, физика и инжинерство, социо-економска, интелектуална, уметничка и т.н.), ситуации и сложени проблеми, утврдување на можни решенија и примена на соодветни одлуки. Нивото на познавање кое се бара се стекнува преку завршување на универзитетско образование од II степен, или пост-универзитетско или образование, вклучувајќи го и неформалното, со еднаква вредност;
**модул 09:** Овие професии ги утврдуваат и применуваат стратегиите за насочување и уредување во политичката, образовната и економската сфера, користејќи и помош од стручни лица. Нивото на познавање кое се бара од професиите во оваа обемна група не секогаш може да се поистовети со одредено ниво на формално образование;
**модул 10:** Овие професии се однесуваат на Вооружените сили (војска, морнарица, воздухопловство, карабинери).

Во случај на потешкотии во одговарањето, јавете се на бесплатниот број 800-069701.

**Прашање 6.11**
Треба да го означи квадратчето кое се однесува на активности во економскиот сектор во кои може да биде класифицирана активноста која е ексклузивна или основна за претпријатието, земјоделското претпријатие, продавницата, канцеларијата или установата во која работи или чиј сопственик е лицето. Поточно:
**модул 01:** во оваа категорија влегува одгледувањето на трајни и привремени земјоделски култури, репродукција на растенија, одгледување на животни, дури и во форма која е поврзана со одгледување на земјоделски култури, лов и заробување на животни, шумарство и користење на шумските површини, риболов и аквакултура.
**модул 02:** во оваа категорија влегува ископувањето на минерали кои се присутни во природата во тврда, течна или гасовидна состојба (пример: ископување на јаглен, сурова нафта, природен гас, камен, песок, тресет, глина, сол, ископување на руди од обоени и необоени метали како ураниум и ториум). Ископувањето може да се врши со користење на најразновидни методи, како користење на подземни рудници или на отворено, извори, ископување на морски површини и т.н. Оваа категорија, меѓу другото, ги вклучува услугите за специјална поддршка на активностите кои се поврзани со ископувањето (истражување извршено преку собирање на примероци, дупчење, изградба на подлога за извори на нафта и гас, миење, прочистување и чистење на изворите, дренажа и испумпување на рудниците и т.н.);
**модул 03:** во оваа категорија влегуваат обработката, производството и чувањето на сите прехранбени производи, тутунската индустрија и индустријата на текстилни влакна, конфекциите и производството на облека, крзнени производи, кожени производи, производство на чевли, дрвна индустрија, производство на мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал, производство на хартија, картон и слични производи, производство на кокс и деривати на нафта, производство на хемиски и фармацевтски производи, производство на бои, лакови и емајл, производство на гумени и пластични производи, стаклени, порцелански и керамички производи, изработка на градежни производи, металуршки производи, производство на компјутери и електронски, оптички и електрични производи, превозни средства, накит, музички инструменти, спортска опрема, играчки, медицински инструменти и апаратура. Во оваа категорија се вклучени и активностите поврзани со печатење на дневни весници, книги, периодични списанија, трговски формулари и останати материјали, вклучувајќи ја и поддршката како лекторство, подготовка на шаблони и електронска обработка на текст и фотографии, поправка, оддржување и инсталација на машини и апаратура.
**модул 04:** во оваа категорија влегува производството, преносот и дистрибуцијата на електрична енергија, природен гас, пареа, топла вода и климатизиран воздух преку постојана инфраструктура (мрежа) преку линии, системи од црева или вод од цевки. Во групата не влегува посебното управување со гасоводи, кои обично се простираат на големи далечини и кои ги поврзуваат производителите со дистрибутерите на гас или со урбаните центри кои влегуваат во модулот 08.

**модул 05:** во оваа категорија влегува ископувањето, управувањето и доставувањето на вода, управувањето со канализациски мрежи, собирање и прочистување на отпадните води, собирање, третирање и исфрлање на тврд и нетврд отпад, штетен и нештетен, собирање и подготовка за рециклирање на старо железо, пластични материи, тврд градски и индустриски отпад, биомаси, активности за прочистување (деконтаминација) на градби и локации, почва, површински и подземни води;

**модул 06:** во оваа категорија влегува изградба на згради, улици, железнички линии, подземни железници и авио писти, изградба на мостови и тунели, хидраулични објекти и градби од јавен интерес за електрична енергија и телекомуникации, рушење и изградба на бродоградилишта, инсталација на електрични и хидраулични постројки, ставање во функција на материјали за врати и прозорци, подови и т.н.;

**модул 07:** во оваа категорија влегува продажбата на големо и мало на секаков вид на добра**.** Во овој модул влегува поправањето, како и продажбата на транспортни средства и мотори. Во групата не влегува снабдувањето со храна и пијалоци за непосредна употреба, продажба на храна за достава (ресторани, барови, пицерии, пабови и т.н.), бидејќи влегуваат во модулот 09;

**модул 08:** во оваа категорија влегува транспортот на патници или стока кои се вршат редовно или повремено по железнички пат, преку водоводна мрежа, улица, воден или воздушен пат, како и пропратните активности како услуги на терминали, управување со паркинзи и гаражи, транспортни центри (интегрирани логистички центри) и магацини на стока и т.н., изнајмување на транспортни средства со шофер. Овде се вклучени и поштенските услуги и брзата пошта.

**модул 09:** во оваа категорија влегуваат хотелските услуги и сместување за краток период на посетители и патници (изнајмување на соби, туристички села, хостели, *кампови* и т.н.), угостителски услуги кои доставуваат целосни оброци и пијалоци за непосредна употреба, како во традиционални ресторани, ресторани со самопослуга и достава, така и во привремени или постојани киосци, со или без места за седење (сладоледарници, слаткарници, мензи и *угостителство*, барови, пабови, пивници, кафетерии и т.н.). Главната намена е служење на храна за непосредна употреба, без разлика на видот на структурата што ја нуди;

**модул 10:** во оваа категорија влегуваат сите издавачки активности, вклучувајќи производство на *софтвер*, кинематографска и видео продукција, телевизиски и радио програми, снимање на музика и звук, телекомуникации (фиксни, мобилни и сателитски), информатички консултации и сите информациски и информатички услуги (*интернет* пребарувачи, обработка на податоци и *хостирање*, управување со *бази на податоци* и т.н.) и активности на новинските и информациски агенции кои се состојат во доставување на информации, слики и услуги наменети за комуникациските средства;

**модул 11:** во оваа категорија влегуваат активностите за финансиско посредување, вклучувајќи осигурување, реосигурување и пензиски фондови (со исклучок на задолжителното социјално осигурување), како и пропратните активности на финансиското посредување (промотори, агенти, посредници и набавувачи на финансиски производи, банкарско-поштенски услуги, сервиси за трансфер на пари како *money transfer* и т.н. );

**модул 12:** во оваа категорија влегуваат активностите на наемодавци, агенти и/или посредници кои работат во полето на еден или повеќе од следниве сектори: продажба и купување на недвижности, изнајмување на недвижности, давање на останати услуги поврзани со недвижности како проценка на недвижности и работа како агенти за недвижности за трети лица. Активностите вклучени во оваа категорија можат да се вршат за сопствени или изнајмени недвижности, но и за трети лица;

**модул 13:** во оваа категорија влегуваат специфични професионални, научни и технички активности. Таквите активности бараат одреден степен на подготвеност и ставаат на располагање корисни познавања и специфични способности. Овде се вклучени активностите на правни и трговски канцеларии, даночни и ревизорски, активности за управување на фирми и консултации за нивно управување, технички студија (архитектонски, инжинерски, нацрт на проекти, градежна инспекција, истражувачки активности и мапирање на теренот, активности поврзани со физичко, хемиско и од друг вид на тестирање), истражување и развој на полето на природните науки, инженерство, хумани и хуманистички науки, маркетинг (креирање на рекламни кампањи), истражување на пазарот и испитување на мислење, специјален дизајн (графички и технички дизајн и т.н.), фотографија (фотографски услуги, фоторепортерство, фотографирање од воздух и т.н.), превод и толкување, земјоделски консултации. Во оваа категорија се вклучени и активностите вршени од ветеринари во ветеринарни клиники или фабрики, кучкарник, засолниште за животни, амбуланти и останато (вклучувајќи амбулантни услуги за животни).

**модул 14:** во оваа категорија влегуваат активностите за изнајмување и *лизинг* на нематеријални нефинансиски добра и широк опсег на материјални добра како превозни средства со шофер или управувач, транспортни средства преку вода или воздух, канцелариска опрема (мебел, *компјутер*, фотокопир и т.н.), спортска и рекреативна опрема, видеокасети и дискови, земјоделска и градежна опрема и за цивилно инженерство. Оваа категорија ги вклучува и истражувачките активности, селекција и назначување на персонал, активностите на туристичките агенции и *тур операторите*, истрага и приватен надзор, како и услуги поврзани со системи за надзор (на пример, сателитска радиоконтрола на транспортните средства), услуги за чистење и дезинфекција (на згради, индустриски машини, цистерни за поморски и авио транспорт), нега и одржување на пејзажи (вклучувајќи паркови, градини, алеи во згради, приватни и јавни живеалишта), влезни и излезни услуги во *кол-центри*, телефонска помош, организација на семинари и саеми, како и цела серија на активности за поддршка на фирми (на пр., агенција за наплата на кредити, барање на сертификати и спроведување на пракса и т.н.);

**модул 15:** во оваа категорија влегуваат активностите од владин карактер, кои обично се одвиваат во јавните администрации. Овде се вклучени општите активности за јавна администрација (на пример, извршна, законодавна и финансиска администрација и т.н. на сите нивоа на власта), активности поврзани со надворешни работи, одбрана, јавен ред и безбедност, правда, противпожарни активности и цивилна заштита, задолжително социјално осигурување (INPS, INAIL и т.н.);

**модул 16:** во оваа категорија влегува образованието, државно и приватно, на кое било ниво и за која било професија. Активноста може да се спроведува преку усни и писмени предавања, преку радио, интернет или далечински. Вклучено е образованието спроведено од различни институции кои припаѓаат на националниот образовен систем и на различни нивоа, како и образованието за возрасни, програми за борба против неписменост и т.н. Овде се вклучени и воените училишта и академии, како и училиштата во склопот на казнените домови. Во оваа категорија влегува и образованието кое има првенствено спортски и рекреативен карактер (учење тенис, пливање, глума, танц и т.н.) и активностите на инструкторските школи (автошколи, школи за пилоти и нуркање);
**модул 17:** во оваа категорија влегува давањето на здравствени услуги и социјална помош (резидентни и нерезидентни за стари и беспомошни лица, помошни институции за лица со психички проблеми или кои користат наркотични средства). Во оваа категорија влегуваат здравствените посети и третманите од општи доктори и доктори специјалисти, заболекари и т.н. Предвидените активности можат да се одвиваат во приватни ординации, во амбуланти во кои работи група на доктори и во болничките клиники кои вршат амбуланти услуги во фирми, училишта, дом за нега, синдикални организации, како и во домовите на болните лица;
**модул 18:** во оваа категорија влегува широк опсег на активности наменети за задоволување на најразличните културни интереси, за забавување и разонода на публиката, вклучувајќи претстави во живо, раководење со музеи, библиотеки, историски споменици, природни резервати, зоолошки градини, структури за игри и обложување (казино, бинго, играчници и т.н.), спортски и рекреативни активности (спортски центри, спортски клубови, спортски сали, резервати за лов и риболов, игротеки, сали за танцување, балетски школи и т.н.). Вклучени се и активностите на уметници-поединци.
**модул 19:** во оваа категорија влегуваат активностите на друштвени организации (на работодавци и економски, на работнички синдикати, на партии и религиозни организации), поправки на добра за лична употреба или во домот, лични услуги (перални, молерски услуги, фризерски и естетски третмани и т.н.). Вклучени се и активностите за поправка на компјутери и активностите на индустриските перални;
**модул 20:** во оваа категорија влегуваат услугите за семејства и лица кои живеат заедно (вклучувајќи ги сосопствениците) како работодавачи за куќни помошници, како чистачи, готвачи, собарки, домски управители, градинари, портири, возачи, кустоси, *бејбиситери* и т.н.;
**модул 21:** во оваа категорија влегуваат активностите на меѓународните организации како Обединетите Нации и нивните специјални агенции, Европската Унија, Организацијата за економска соработка и развој, Светската Банка и т.н.

Во случај на потешкотии во одговарањето, јавете се на бесплатниот број 800-069701.

**Прашање 6.12**
Во вообичаениот број на работни часови во неделата се вклучуваат и вонредните часови, без разлика дали се платени или не, вообичаено вон нормалното работно време, евентуално предвидени со договорот.
- Учителите треба да го земат во предвид бројот на часови посветени на предавање, плус бројот на часови кои обично се посветуваат на активностите поврзани со неговата професија како учител (подготовка на лекциите, преглед на домашни, советување и т.н.).
- Треба да бидат **вклучени** часовите вон работното време, како платените, така и неплатените.
- **Не треба да бидат влучени** часовите за патување од домот до работното место, како и оние за оброк за време на паузата од работа.

**Прашање 6.13**
*За да одговорите соодветно на прашањето, земете ги во предвид следниве дефиниции:*
**Примател на една или повеќе пензии на основ извршена претходна работна активност или примател на приход од капитал**
- Примател на една или повеќе пензии на основ извршена претходна работна активност: лица кои примаат една или повеќе пензии на основ старост или инвалидитет. Таквите примања се даваат на основ на работна активност извршена од заштитеното лице, при достигнувањето на определена граница на возраст, работен стаж и при намалена способност за работа. Во оваа категорија се вклучени семејната и инвалидска пензија кои се состојат во надоместок од несреќа при работењето или професионални болести. Карактеристично за овие пензии е тоа што го надоместуваат лицето од оштета, во зависност од степенот на истата, или од смрт (во тој случај надоместокот се доделува на неговите блиски) која настанала како последица на извршувањето на работните задачи. Семејната и инвалидската пензија се доделуваат само доколку е исполнет минималниот период на стаж.
- Примател на приход од капитал: лица кои примаат приходи, рента или заработувачка од имот, инвестиции, камати, изнајмување, *надоместоци за авторски права* и т.н.

**Студент/-ка:** лице кое првенствено е посветено на учење.
**Домаќин/домаќинка:** лице кое првенствено е посветено на грижа за сопственото семејство и сопствениот дом.
**Друга состојба:** лице кое се наоѓаа во состојба различна од погоре наведените (на пример, лица пензионирани поради причини различни од работна активност, носител на социјална пензија, инвалидна цивилна пензија и т.н.).

## 7 Место на студирање или работење

**Прашање 7.1**

- Означете го квадратчето 1 (“Да, одам до местото на работење”) дури и за децата кои посетуваат јасли, градинка и т.н....
- Студентите кои работат треба да го означат квадратчето 2 (“Да, одам до местото на работење”).
- Во случај да сте аргати  кои работат за различни земјоделски фирми и немате фиксно работно седиште, означете го квадратчето 5 (“Не, бидејќи немам фиксно работно седиште”).
- Означете го квадратчето 6 (“Не, бидејќи не студирам, не работам и не посетувам курсеви за стручна подготовка”), дури и кога лицето секојдневно ги носи децата на училиште, но потоа не патува до работно место или место каде студира.

**Прашање 7.2**

- Може да не постои поврзаност помеѓу местото на работење и одговорот даден на прашањето 6.11. На пример, тоа е случај со вработен во фирма изведувач на услуга за оддржување која се дава на железара, кој за да одговори на прашањето треба да ја посочи адресата на железарата, а не на фирмата во која е вработен.
- Во случај кога, на пример, на датумот на Пописот се даваат консултации во седиште или фирма различна од онаа во која е вработено лицето, за да одговори треба да се посочи адресата на седиштето каде се врши консултацијата.
- Студентите кои работат треба да ја посочат адресата на работното место.
- Лицата кои работат со транспортни средства (возачи, машиновозачи, пилоти, кондуктери, капетани на брод и т.н.) треба да ја посочат адресата на местото од каде започнуваат со работа (пошта, станица, аеродром, пристаниште и т.н.).
- Лицата кои имаат две постојани места на студирање или работење, треба да одговорат посочувајќи ја основната работна активност или студирање.

**Прашање 7.3**

Лицата кои работат во општината во која моментално живеат или во некоја друга општина во Италија, треба да ја напишат и адресата на постојаното место на студирање или работење.

**Прашање 7.4**

Треба да одговорат само лицата кои секојдневно патуваат до местото на студирање или работење или кој го има означено квадратчето 1 (“Да, одам до местото на студирање”) или квадратчето 2 (“Да, одам до местото на работење”) за прашањето 7.1.

**Прашање 7.5**

Треба да одговорат само лицата кои секојдневно патуваат до местото на студирање или работење, појдувајќи од местото на вообичаено живеење, или кои го имаат означено квадратчето 1 ("Од ова живеалиште") за прашањето 7.4.

**Прашања 7.6, 7.7 и 7.8**

*Одговорете на прашањата повикувајќи се на минатата среда. Доколку тој ден не се патувало до вообичаеното место на студирање или работење (заради најразновидни причини, како штрајк, болест, празник и т.н.) тогаш посочете некој друг типичен ден.*

- Доколку лицето, минатата среда, се упатило кон место на студирање или работење различно од напишаното во прашањето 7.5, тогаш треба да ја посочи адресата на постојаното место на студирање или работење.
- Доколку минатата среда, лицето двапати се упатило кон вообичаеното место на студирање или работење, треба да одговори посочувајќи го првото од двете патувања.

## 8 Потешкотии во извршувањето на секојдневните активности

Како и што е предвидено со закон, не е задолжително да се одговори на прашањата од 8.1 до 8.4.

**Прашање 8.1**

*Целта на прашањето е да се дознаат потешкотиите или проблемите со видот кои лицата можат да ги имаат, дури и со користење на очила за вид или контактни ленти. На пример, потешкотиите можат да се однесуваат на неможноста да се гледа од блиску или од далеку, само странично, со едното или со двете очи. При одговарањето, земете ги во предвид сите видови на проблеми со видот кои според Вас можат да претставуваат проблем.*

**Прашање 8.2**

*Целта на прашањето е да се дознаат потешкотиите или проблемите со слухот кои лицата можат да ги имаат, дури и со користење на апаратче за слушање. На пример, потешкотиите или ограничувањата можат да се однесуваат на неможноста да се слуша, дури и само кога се наоѓате во бучна средина, или во неможноста да ги разликувате звуците кои доаѓаат од различни извори, неможноста да слушате само од едното или од двете уши. При одговарањето, земете ги во предвид сите видови на проблеми со слухот кои според Вас можат да претставуваат проблем.*

**Прашање 8.3**

*Целта на прашањето е да се дознаат потешкотиите или проблемите со моторните движења кои лицата можат да ги имаат доколку не користат помошни средства за движење (бастуни, патерици, количка и т.н.) или нечија помош. На пример, ограничувањата можат да се однесуваат на проблеми со движењето на пократки или подолги растојанија, во качување или симнување по скалите, во стоење на нози подололго од 1 или 2 минути.*

**Прашање 8.4**

*Целта на прашањето е да се дознаат проблемите кои можат да ги имаат лицата при помнењето или концентрацијата. Овде се вклучени следниве активности: да не се сеќаваат на важни работи, да не можат да ја најдат улицата, да не можат да се сетат на она што пред малку им било кажано, да не можат да се сконцентрираат на она што го работат. Потешкотиите можат да бидат од тој степен, што можат да придонесат кон создавање на проблеми при извршувањето на секојдневните активности. Не е од наш интерес да посочуваме потешкотии во сеќавањето или концентрацијата настанати од стрес, премногу работа или користење на наркотични супстанции.*